РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Бр. 02-705/1
10-6 2019 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 16-4522/1
13-06-2019 год.-viti
Скопје-Shkup

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## ПОМЕЃУ

**министерот без ресор во Владата на Република Северна Македонија, задолжен за дијаспората, Едмонд Адеми (во понатамошниот текст: министерот) и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, претставуван од ректорот проф. д-р Никола Јанкуловски (во понатамошниот текст: УКИМ)**

Имајќи ја предвид потребата од потесна соработка помеѓу министерот и УКИМ за прашања од заеднички интерес и желбата за јакнење и зголемување на таквата соработка, страните потписнички се согласија да соработуваат на следниов начин:

### Член 1

Во рамки на соодветните мандати и во согласност со расположливите ресурси, страните потписнички тесно ќе соработуваат и ќе одржуваат консултации за прашања од заеднички интерес.

Страните потписнички се согласни дека активностите што се однесуваат на дијаспората ќе се координираат, до степен на дадените можности, да се постигне максимална соработка и кога тоа го наложуваат заедничките интереси, при што секоја страна може да побара соработка од другата страна.

Секоја страна ќе направи обид, според можностите и во согласност со соодветните инструменти и одлуки на надлежните органи, да одговори поволно на таквите барања за соработка според процедури кои се заемно договорени.

### Член 2

Страните потписнички се согласни да разменуваат информации и документација од јавен домен до најголем можен степен за прашања од заеднички интерес.

Кога тоа е соодветно и кога подлежи на неопходните услови, информациите и документацијата за конкретни проекти или програми можат, исто така, да се разменуваат помеѓу страните потписнички со цел да се постигне подобро комплементарно постапување и ефективна координација помеѓу страните потписнички.

### Член 3

Страните потписнички се согласуваат да ги земат предвид следниве области на соработка за заемни активности и соработка во:

- советодавна поддршка за развој на политики и стратешки документи за дијаспората;
- формирање центар за дијаспора и миграции во рамки на УКИМ;
- поддршка во ефективен ангажман на дијаспората;
- други сродни работи во координација и со договор помеѓу страните.

**Член 4**

Страните потписнички ќе одржуваат редовни заемни консултации за прашања кои се однесуваат на овој Меморандум.

Страните потписнички можат да склучуваат дополнителни договори за целите на соработката и координацијата кога тоа се смета за неопходно и целисходно.

**Член 5**

Страните потписнички можат да го дополнат и/или изменат Меморандумот спогодбено.

Страната која бара измена и/или дополнување е должна своето барање да го достави до другата страна во писмена форма.

Дополнувањата и измените се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете страни.

Меморандумот може да се измени и/или дополни со склучување на анекс.

**Член 6**

Евентуалните спорови во однос на толкувањето и спорови што можат да се јават при спроведувањето на Меморандумот ќе се решаваат спогодбено меѓу страните потписнички.

**Член 7**

Меморандумот се склучува на неопределено време, а секоја од страните може да го раскине со писмено известување.

Меморандумот ќе се смета за раскинат по истекот на 30 дена од денот на добиеното писмено известување од ставот 1 на овој член.

**Член 8**

Меморандумот е составен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои по два за секоја од страните.

Меморандумот влегува во сила со денот на неговото потпишување.

**Министер без ресор, задолжен за дијаспората**

**Едмонд Адеми**

**Ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**